РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1678/2
04-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и Упатство за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави бр.03-2233/1 од 12.02.2021 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на педесеттата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на -----------------, поранешен Министер за здравство, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-4320/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4320/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-4320/1 од 16.09.2019 година е оформен врз основа на Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2019 година.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, се обрати до лицето со барање за добивање на податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство. На 23.12.2019 година извршен е неуспешен обид за достава на барањето. По направен втор обид на достава, ----------------- достави одговор на барањето заведен под бр.08-1678/1 од 20.03.2020 година.

ДКСК по разгледување на предметот констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
**Одобрил:** Катица Николовска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**